РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Бр. 08 - 683/4
09.11. 20 23 година

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 61 седница одржана на 30.06.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Воспитанието и образованието во раниот детски развој", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" Штип**

1. Се акредитира студиската програма „Воспитанието и образованието во раниот детски развој", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на образовни науки – Воспитанието и образованието во раниот детски развој /во меѓународен промет академски назив: Doctor of Educational Science - Education and education in early childhood development..

Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки; Научно – истражувачко поле: 505 Образование; Научно - истражувачка област: 50500-Педагогија, 50501-Дидактика, 50504-Методика, 50505-Теорија на воспитание, 50512-Образовна политика.

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: Проф. д-р Снежана Мирасчиева, .Проф. д-р Емилија Петрова Ѓорѓева, Проф. д-р Соња Петровска.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 0201-171/17 од 07.02.2023 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Воспитанието и образованието во раниот детски развој", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.0809-276/1 од 06.08.2023 година (наш бр. 08 - 683/1 од 07.03.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.
Одборот за акредитација на високото образование, на 54-та седницата одржана на 09.03.2023 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 683/3 од 28.07.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 61-та седница одржана на 30.06.2023 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова